РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2244/4
09-11-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2244/1 од 19.06.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на службени лица во ---- инспекторат за ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што за предметниот случај веќе постапува друг надлежен орган (УФП).

Предметот со бр. 12-2244/1 од 19.06.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 19.06.2026 година, поднесена е пријава, со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на службени лица во ---- инспекторат ---- (понатаму: ----) и оформен е предмет бр. 12-2244/1 од 19.06.2026 година.

Подносителот на пријавата укажува на наводи за сомневање на злоупотреба на на буџетски средства во врска со користење на службени возила, трошење на буџетски средства, злоупотреби во извршување на работните обврски и неправилности во работењето на службени лица во ----, (----).

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Управата за финансиска полиција (понатаму: УФП).

Во допис – Известување арх. бр. ---- од 16.09.2026 година, УФП ја извести ДКСК дека до нив е доставена Пријава арх.бр. ---- од 18.06.2026 година со истата содржина. Од причина што наводите од пријавата се однесуваат на дејствија од надлежност на Министерството за економија и труд и Државниот завод за ревизија, од страна на УФП до наведените државни институции ќе биде доставено барање за надлежно постапување со напомена доколку од резулатите од извршените проверки од нивна страна произлезат основи на сомнение дека е сторено кривично дело од надлежност на УФП, да ја известат Управата со прилог целокупната релевантна документација и доказен материјал за евентуално нејзино натамошно постапување согласно Законот за финансиската полиција и Законот за кривична постапка.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, од причина што за предметниот случај веќе постапува друг надлежен орган (УФП), кој во рамките на своите законски надлежности презема дејствија за утврдување на фактичката состојба со вклучување на други надлежни институции (Министерството за економија и труд и Државниот завод за ревизија), па оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата